**Постапка за издавање на Одобрение за употреба**

Со барањето се поднесува:

1. Проект за изведена состојба;

2. Извештај за извршениот надзор - надзорниот инжинер е должен согласно измените на Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр.82/08, член 12) да состави писмен извештај за извршената проверка со оцена за усогласеноста на градбата со проектот и условите за градење;

3. Извадок од јавната книга за запишување на правата на недвижностите за последната состојба на запишаните права на градбата (имотен лист), заради утврдување на соодветноста на правниот однос во врска со градбата меѓу инвеститорот и сопственикот на земјиштето;

4. За издавање на одобрение за употреба за семејна станбена куќа и за градби од петта категорија инвеститорот ги приложува доказите од точка 1, 2 и 3.